# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА БЕРОВО



| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 12.02.2019 БРОЈ 16 | ПРИМЕРОКОТ Е БЕСПЛАТЕН |
|---|---|---|



С О Д Р Ж И Н А


З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година (четврт квартал)……..

З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година (четврт квартал)…………………………………………………………...

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за квартал од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година (четврт квартал)………………………………………………………..

З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за квартал од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година (четврт квартал)………..

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец К3 за квартал од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година (четврт квартал)…………………………………………………………

З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец К3 за квартал од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година (четврт квартал)…………………………

З А К Л У Ч О К за објавување на ОДЛУКА за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници во Општина Берово за 2019 година.…

ОДЛУКА за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници во Општина Берово за 2019 година………………………………………..

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за исправка на техничка грешка во Извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски…………………………………………………………………………...

З А К Л У Ч О К за исправка на техничка грешка во Извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски…………………….

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за исправка на техничка грешка во вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски…………………………………………………………………………………………..

З А К Л У Ч О К за исправка на техничка грешка во вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски……………………………….

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2019 година…………………………………………………

О Д Л У К А за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2019 година……………………………………………………………………………………...

З А К Л У Ч О К за објавување на П Р А В И Л Н И К за критериумите, постапката и реализација на трансфери по поднесени барања за еднократна парична помош на физички лица………………………………………………………………………………………………...

П Р А В И Л Н И К за критериумите, постапката и реализација на трансфери по поднесени барања за еднократна парична помош на физички лица………………………………………

З А К Л У Ч О К за објавување на Измена на Програмата за јавна чистота на подрачјето на Општина Берово за 2019 година…………………………………………………

Измена на Програмата за јавна чистота на подрачјето на Општина Берово за 2019 година...

З А К Л У Ч О К за објавување на Измена на Програмата за јавно зеленило на подрачјето на Општина Берово за 2019 година……………………………………………....

Измена на Програмата за јавно зеленило на подрачјето на Општина Берово за 2019 година.

З А К Л У Ч О К за објавување на Измена и Дополнувања на Програмата за други комунални услуги , третман на кучината скитници и други нерегистрирани кучиња за 2019 година……………………………………………………………………………………………

Измена и Дополнувања на Програмата за други комунални услуги , третман на кучината скитници и други нерегистрирани кучиња за 2019 година……………………………………

З А К Л У Ч О К за објавување на Измена и Дополнувања на Планот за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Берово (2019-2021 година)

Измена и Дополнувања на Планот за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Берово (2019-2021 година)……………………………………………

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација за Локалитет „Филтер станица“ во Берово……………………………………………………

О Д Л У К А за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација за Локалитет „Филтер станица“ во Берово.

З А К Л У Ч О К за објавување на Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А За постапување на урбана опрема на подрачјето на Општина Берово за 2019 година…………………………

Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2019 ГОДИНА…………………………………

З А К Л У Ч О К за објавување на П Л А Н за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2019 година……………………………………………….

ПЛАН за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2019 година...

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на активности на здруженија на граѓани и фондациии од Буџетот на Општина Берово за 2019 година…………………………………...

О Д Л У К А за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на активности на здруженија на граѓани и фондациии од Буџетот на Општина Берово за 2019 година…………………………………………………………………………………...

З А К Л У Ч О К за објавување на Измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџет на Општина Берово за 2019 година…………………………………………………

И З М Е Н А И Д О П О Л Н У В А Њ Е Н А О Д Л У К А Т А З А И З В Р Ш У В А Њ Е Н А Б У Џ Е Т О Т Н А О П Ш Т И Н А Б Е Р О В О З А 2 0 1 9 Г О Д И Н А…..

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за избор на член од Советот на Општина Берово кој одлучува во случај на конфликт на интереси на Градоначалникот……

О Д Л У К А за избор на член од Советот на Општина Берово кој одлучува во случај на конфликт на интереси на Градоначалникот……………………………………………..

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Полугодишен Извештај за работа на ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово во учебната 2018/2019 година……………………………………………………………………………..

З А К Л У Ч О К за усвојување на Полугодишен Извештај за работа на ООУ “Никола Петров Русински” с.Русиново, Берово во учебната 2018/2019 година……………………..

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишен Извештај за работа на ОЈУСЗСЛ “Д-р.Иван Влашки” Берово…………………………………

З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишен Извештај за работа на ОЈУСЗСЛ “Д-р.Иван Влашки” Берово……………………………………………………………………………...

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за давање на согласност на Измени и дополнување на Годишен План за вработување на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица “Д-р Иван Влашки” Берово за 2019 година…………………………...

О Д Л У К А за давање на согласност на Измени и дополнување на Годишен План за вработување на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица “Д-р Иван Влашки” Берово за 2019 година, Бр.0403-28/1 од 24.01.2019 година………………………….

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишен Извештај за работа на Дом на култура “Димитар Беровски” Берово за 2018 година………...

З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишен Извештај за работа на Дом на култура “Димитар Беровски” Берово за 2018 година……………………………………………………

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за давање на согласност на надополнување на Годишен План за вработување на Дом на културата “Димитар Беровски” Берово…………………………………………………………………………………

О Д Л У К А за давање на согласност на надополнување на Годишен План за вработување на Дом на културата “Димитар Беровски” Берово……………………………………………...

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишната Програма за работа на Дом на култура “Димитар Беровски” Берово за 2019 година………..

З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишната Програма за работа на Дом на култура “Димитар Беровски” Берово за 2019 година……………………………………………………

З А К Л У Ч О К за објавување на Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2019 година на Мара Пуреовска …………………………......

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2019 година на Мара Пуреовска.........................................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2019 година на Јулија Новоселска........................................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за одобрување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2019 година...

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година (четврт квартал)

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година (четврт квартал), Бр.09-504/1, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 12.02.2019 година.

Бр.08-529/1    ОПШТИНА БЕРОВО
12.02.2019 год.    Градоначалник
Б е р о в о    Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08 и 20/10) , Советот на Општина Берово на седницата одржана на 12.02.2019 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година (четврт квартал)

1. Советот на Општина Берово го усвои Кварталниот извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година.
2. 
3. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-504/1    Совет на Општина Берово
12.02.2019 година    Претседател
Б е р о в о    Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за достасани ненамирени обврски
Образец К2 за квартал од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година
(четврт квартал)

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за квартал од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година (четврт квартал), Бр.09-505/1, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 12.02.2019 година.

Бр.08-529/2 ОПШТИНА БЕРОВО
12.02.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08 и 20/10) , Советот на Општина Берово на седницата одржана на 12.02.2019 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за достасани ненамирени обврски
Образец К2 за квартал од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година
(четврт квартал)

1. Советот на Општина Берово го усвои Кварталниот извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за квартал од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година.
2. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-505/1 Совет на Општина Берово
12.02.2019 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за промените на состојбата
на секое задолжување на општините и
јавните претпријатија основани од општините
Образец КЗ за квартал од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година
(четврт квартал)

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец КЗ за квартал од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година (четврт квартал), Бр.09-506/1, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 12.02.2019 година.

Бр.08-529/3
12.02.2019 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08 и 20/10) , Советот на Општина Берово на седницата одржана на 12.02.2019 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за промените на состојбата
на секое задолжување на општините и
јавните претпријатија основани од општините
Образец КЗ за квартал од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година
(четврт квартал)

1. Советот на Општина Берово го усвои Кварталниот извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините, Образец КЗ за квартал од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година

2. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-506/1
12.02.2019 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

ОДЛУКА
за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите
на државните службеници во Општина Берово за 2019 година

Се објавува ОДЛУКА за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници во Општина Берово за 2019 година Бр.09-507/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 12.02.2019 година.

Бр.08-529/4
12.02.2019 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници (Службен Весник на РМ бр.(27/2014……..11/2018), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11) член 90 од Статутот на Општина Берово (Службен Гласник на Општина Берово бр. 13/02,18/07,30/08 и 20/10) и Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2019 година Бр.44-11638/1-18 од 18 јануари 2019 година (“Службен Весник на Република Македонија” бр.4/19), Советот на Општина Берово на 17-тата седница одржана на 12.02.2019 година донесе:

ОДЛУКА
за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите
на државните службеници во Општина Берово за 2019 година

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници во Општина Берово.

Член 2

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот.

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за период 01.01.2019 година до 31.08.2019 година изнесува 77,24 денари, а за периодот од 01.09.2019 година до 31.12.2019 година изнесува 81,10 денари.

Член 3

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Општина Берово 2019 година, Бр.09-4288/1 од 27.12.2018 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-507/1
12.02.2019 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за исправка на техничка грешка во
Извештајот за вкупниот договорен износ по доверители
за финансирање на доспеани, а неплатени обврски

Се објавува З А К Л У Ч О К за исправка на техничка грешка во Извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски Бр.09-508/1, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 12.02.2019 година.

Бр.08-529/5
12.02.2019 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08 и 20/10) , Советот на Општина Берово на 17-тата седница одржана на 12.02.2019 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за исправка на техничка грешка во
Извештајот за вкупниот договорен износ по доверители
за финансирање на доспеани, а неплатени обврски

1. Во Извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски, одобрен од Советот на Општина Берово со О Д Л У К А за одобрување на Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски Бр.09-4251/1 од 27.12.2018 година, се врши исправка на техничка грешка и тоа:

   - Под реден број 2 (Адвокат Кирил Ковчегарски) колона 3 (Вкупен износ на пријавени, доспеани, а неплатени обврски во ЕСПЕО заклучно со 30.09.2018), стои 275.010,00 денари, а треба да стои 315.010,00 денари.

2. Оваа исправка е составен дел на Извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски одобрен со О Д Л У К А Бр.09-4251/1 од 27.12.2018 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-508/1
12.02.2019 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

## З А К Л У Ч О К
за објавување на

## З А К Л У Ч О К
за исправка на техничка грешка во
вкупниот договорен износ по доверители
за финансирање на доспеани, а неплатени обврски

Се објавува З А К Л У Ч О К за исправка на техничка грешка во вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски Бр.09-509/1, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 12.02.2019 година.

Бр.08-529/6
12.02.2019 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08 и 20/10) , Советот на Општина Берово на 17-тата седница одржана на 12.02.2019 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за исправка на техничка грешка во
вкупниот договорен износ по доверители
за финансирање на доспеани, а неплатени обврски

1. Во вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски, одобрен од Советот на Општина Берово со О Д Л У К А за одобрување на вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски Бр.09-4252/1 од 27.12.2018 година, се врши исправка на техничка грешка и тоа:

   - Под реден број 2 (Адвокат Кирил Ковчегарски) колона 3 (Вкупен износ на пријавени, доспеани, а неплатени обврски во ЕСПЕО заклучно со 30.09.2018), стои 275.010,00 денари, а треба да стои 315.010,00 денари.

2. Оваа исправка е составен дел на вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски одобрен со О Д Л У К А Бр.09-4252/1 од 27.12.2018 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-509/1
12.02.2019 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за измена на распоредот на средствата
на Буџетот на Општина Берово за 2019 година

Се објавува О Д Л У К А за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2019 година Бр.09-510/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 12.02.2019 година.

Бр.08-529/7
12.02.2019 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за буџетите ( Сл.весник на Р.М. бр.64/05,4/08,103/08,156/09,95/10,180/11,171/12,192/15 и 167/16)

## О Д Л У К А
### за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина БЕРОВО за 2019 година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина БЕРОВО за 2019 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **JD0** | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА** | | | | | |
| 482120 | Изградба на улици, патишта и автопати | -1,500,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JK0** | **ЈАВНА ЧИСТОТА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | | | | | |
| 486190 | Купување на други моторни возила | 1,500,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Бр.
12/02/2019

Претседател на Советот на Општината
**Јован Матеничарски**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

П Р А В И Л Н И К
за критериумите, постапката и реализација на трансфери
по поднесени барања за еднократна парична помош на физички лица

Се објавува П Р А В И Л Н И К за критериумите, постапката и реализација на трансфери по поднесени барања за еднократна парична помош на физички лица Бр.09-511/1, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 12.02.2019 година.

Бр.08-529/8 ОПШТИНА БЕРОВО
12.02.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 73 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02 и 18/07), Советот на Општина Берово на седницата одржана на 12.02.2019 година донесе:

**П Р А В И Л Н И К**
**за критериумите, постапката и реализација на трансфери**
**по поднесени барања за еднократна парична помош на физички лица**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите под кои може да се поднесе Барање и критериумите, постапката и реализацијата на трансфери до физички лица и социјално загрозени семејства.

**Член 2**

Средствата за реализација по поднесените Барања се планираат во Буџетот на Општина Берово на годишно ниво по претходно направена проценка од надлежните служби во Општината.

**Член 3**

Средствата предвидени во Буџетот на годишно ниво за еднократна парична помош на физички лица (поединци) и социјално загрозени семејства ќе се распоредуваат според следните критериуми:

1. Зависно здравствената состојба на подносителите на Барањето;
2. Зависно социјалната состојба на подносителите и
3. Помош во случај на пожар.

**Член 4**

Еднократната парична помош за лекување се доделува на лица со тешки болести кои го загрозуваат животот и на лица на кои им се потребни финансиски средства за

оперативен зафат или за лекување надвор од државата и истата ќе се движи од 10.000,00 денари до 30.000,00 денари.

Како составен дел на Барањето подносителите се должни да приложат соодветна медицинска документација.

**Член 5**

Еднократната парична помош на социјално загрозени семејства се доделува на лица:

- самохрани родители
- непотполни семејства
- семејства во кои не работи ниту еден член
- семејства кои се корисници на социјална помош
- лица со одреден вид и степен на инвалидитет

Брателите се должни да поднесат доказ за својата состојба или потврда за невработеност.

Еднократната парична помош на оваа категорија Баратели, Советот ја одобрува ценејки ги околностите поради кои им се потребни средства на подносителите на Барањето.

Околностите треба да бидат ценети сеопфатно.

Еднократната парична помош на категориите од член 5 на овој Правилник ќе се движи од 3.000,00 денари до 10.000,00 денари.

**Член 6**

Еднократната парична помош ќе се доделува на семејства настрадани од пожар, поплави и други непогоди.

Помошта зависно од причинетата штета ќе се исплатува во две категории:

- Прва категорија до 30.000,00 денари за поголема штета
- Втора категорија до 15.000,00 денари за помала штета.

Оваа помош Барателите ќе ја добијат согласно соодветна документација, односно кон Барањето да биде приложен и Записник за причинетата штета од увид на лице место од ОВР Берово.

**Член 7**

Средствата предвидени во Буџетот, по утврдени критериуми со овој Правилник ги доделува Советот по предлог на Комисијата за општествени дејности, Комисијата за буџет и финансирање и Комисијата за полова еднаквост во рамки на својата надлежност.

**Член 8**

Одобрените Барања од страна на Советот на Општина Берово се трансверираат до корисниците по приложени трансакциски сметки, зависно и согласно финансиските можности на Општината.

**Член 9**

Правилникот влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

**Член 10**

Со влегување во сила на овој Правилник, престанува да важи правилникот бр.09-1648/1 од 30.04.2016 година.

Бр.09 -511/1
12.02.2019 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
Измена на Програмата за јавна чистота на подрачјето
на Општина Берово за 2019 година

Се објавува Измена на Програмата за јавна чистота на подрачјето на Општина Берово за 2019 година Бр.09-512/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 12.02.2019 година.

Бр.08-529/9 ОПШТИНА БЕРОВО
12.02.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ”бр.5/02), а во врска со член 46 став 1 од Законот за уредување на градежно земјиште („Сл.весник на РМ”бр.82/08), и член 19 став 2 точка 8 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово”бр.13/02 и 18/07), Советот на Општина Берово на седницата одржана на 12.02.2019 година донесе:

**Измена на Програмата за јавна чистота на подрачјето**
**на Општина Берово за 2019 година**

Член 1

Во Програмата за јавна чистота на подрачјето на Општина Берово за 2019 година, број 09-3951/1 од 30.11.2018 година, („Службен гласник на Општина Берово”бр.14/2018) каде во делот 4 **Финансиски средства** стои:

**4.Финансиски средства**

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота во Општина Берово изнесува 2.570.000,00денари и тоа:

- Одржување на улици,тротоари,плоштади, кеј,паркиралишта,шеталишта и други јавни површини со метење и миење _________ 2.520.000,00денари
- Набавка и поставување на садови за отпадоци и друга опрема 50.000,00денари

ВКУПНО : __________________________ 2.570.000,00денари

**Се менува и стои:**

**4.Финансиски средства**

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота во Општина Берово изнесува 2.200.000,00денари и тоа:

- Одржување на улици,тротоари,плоштади, кеј,паркиралишта,шеталишта и други јавни површини со метење и миење _________ 2.150.000,00денари
- Набавка и поставување на садови за отпадоци и друга опрема 50.000,00денари

ВКУПНО : __________________________ 2.200.000,00денари

Член 2

Останатите делови од Програмата останувааt непроменети

Член 3

Оваа Измена на Програма влегува во сила со денот на донесување ,а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово”.

Бр.09-512/1
12.02.2019 год.
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
Измена на Програмата за јавно зеленило
на подрачјето на Општина Берово за 2019 година

Се објавува Измена на Програмата за јавно зеленило на подрачјето на Општина Берово за 2019 година Бр.09-513/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 12.02.2019 година.

Бр.08-529/10
12.02.2019 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на чл.12 од Законот за јавна чистота („Сл. Весник на РМ‘‘ бр. 111/08, ........ 31/16), и член 19 став 2 точка од Статутот на Општина Берово (Службен гласник на Општина Берово бр.13/02,18/07, 30/08 и 20/10), Советот на општина Берово на седницата одржана на 12.02.2019 година, донесе:

**Измена на Програмата за јавно зеленило**
**на подрачјето на Општина Берово за 2019 година**

Во Програмата за јавно зеленило на подрачјето на Општина Берово за 2019 година, број - 09-3946/1 од 30.11.2018 година, („Службен гласник на Општина Берово”бр.14/2018.) каде во делот **Финасирање на активностите предвидени со програмата,** стои:

**ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМАТА**

Финансирањето на активностите за одржување на јавното зеленило, предвидени со оваа програма, се врши од Буџетот иа општина Берово Програма Ј7 каде што се предвидени средава во висина од 750.000,00 денари,

- Одржување јавно зеленило на (паркови,улици,плоштади, кеј,шеталишта и други јавни површини) ______________________ 600.000,00денари
- Подигање и реконстуирање на јавни зелени површини __ 150.000,00денари

ВКУПНО : ______________________________ 750.000,00денари

**Се менува и стои:**

**ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМАТА**

Финансирањето на активностите за одржување на јавното зеленило, предвидени со оваа програма, се врши од Буџетот иа општина Берово Програма Ј7 каде што се предвидени средства во висина од 650.000,00 денари,

- Одржување јавно зеленило на (паркови,улици,плоштади, кеј,шеталишта и други јавни површини) ______________________ 600.000,00денари
- Подигање и реконстуирање на јавни зелени површини __ 50.000,00денари

ВКУПНО : ______________________________ 650.000,00денари

Член 2

Останатите делови од Програмата остануваат непроменети

Член 3

Оваа Измена на Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово”.

Бр.09-513/1
12.02.2019 год.
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
Измена и Дополнувања на Програмата за други комунални услуги , третман на кучинатa скитници и други нерегистрирани кучиња за 2019 година

Се објавува Измена и Дополнувања на Програмата за други комунални услуги , третман на кучината скитници и други нерегистрирани кучиња за 2019 година Бр.09-514/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 12.02.2019 година.

Бр.08-529/11
12.02.2019 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ"бр.5/02), член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Сл.Весник на РМ„ бр. 149/2014, 149/2015 и 53/2016), член 19 став 2 точка 11 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02,18/07,30/08 и 20/10), а согласно Известување бр. 22-81/2 од 31.01.2019 година од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија, Советот на Општина Берово на седницата одржана на 12.02.2019 година донесе:

**Измена и Дополнувања на Програмата за други комунални услуги , третман на кучината скитници и други нерегистрирани кучиња за 2019 година**

Член 1

Во Програмата за други комунални услуги , третман на кучината скитници и други нерегистрирани кучиња за 2019 година на подрачјето на Општина Берово,со број 09-3942/1 од 30.11.2018 година, („Службен гласник на Општина Берово"бр.14/2018) во делот 2 **Финансиски средства за реализација на програмата,** по став 4 се додава нов став 5 кој гласи :

„Согласно Планот за јавни набавки на Општина Берово за 2019 година со бр. 01-56/1 од 04.01.2019 година, Постапката за заловување, прифаќање и третирање на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња во Општина Берово се планира да отпочне во март 2019 година.„

Член 2

Останатите делови од Програмата остануваат непроменети.

Член 3

Овие Измени и Дополнувања на Програмата влегуваат во сила со денот на донесување и се составен дел од Програмата за други комунални услуги , третман на кучината скитници и други нерегистрирани кучиња за 2019 година,а ќе се објават во „Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-514/1<br>
12.02.2019 год.<br>
Б е р о в о

Совет на Општина Берово<br>
Претседател<br>
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

Измена и Дополнувања на Планот за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Берово

(2019-2021 година)

Се објавува Измена и Дополнувања на Планот за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Берово (2019-2021 година) Бр.09-515/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 12.02.2019 година.

Бр.08-529/12 ОПШТИНА БЕРОВО
12.02.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Сл.Весник на РМ„ бр. 149/2014, 149/2015 и 53/2016), член 19 став 2 точка 11 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02,18/07,30/08 и 20/10), а согласно Известување бр. 22-81/2 од 31.01.2019 година од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија, Советот на Општина Берово на седницата одржана на 12.02.2019 година донесе:

**Измена и Дополнувања на Планот за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Берово (2019-2021 година)**

Член 1

Во Планот за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Берово (2019-2021 година),со број 09-4255/1 од 27.12.2018 година, („Службен гласник на Општина Берово”бр.15/2018) делот 5 **Обем на активности,** кој гласи :

*„ Планот предвидува интензитетот на заловувањето на бездомни кучиња – скитници за планскиот период да биде околу 210 или по 70 кучиња годишно, на јавни локации на територијата на Општина Берово, во зависност од потребите и условите на терен.*

*Согласно Планот, сите подетални активности ќе се предвидат во Годишни програми за контрола на популацијата на бездомните кучиња на територијата на Општина Берово.„*

Се менува и гласи:

„ Планот предвидува интензитетот на заловувањето на бездомни кучиња – скитници за планскиот период да биде околу 210 или по 70 кучиња годишно.

Заловувањето на бездомните кучиња ќе се врши на улици и тротоари на територијата на градот Берово, во паркови и други зелени површини и останати јавни површини и паркиралишта, сето тоа во зависност од потребите и условите на терен.

Сите подетални активности ќе се предвидат во секоја Годишна програма поединечно.„

Член 2

Во Планот за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Берово (2019-2021 година),со број 09-4255/1 од 27.12.2018 година, („Службен гласник на Општина Берово”бр.15/2018) делот 6 **Финансирање,** кој гласи :

*„Активностите ќе се финансираат од средствата предвидени во Буџетот на Општина Берово.„*

Се менува и гласи:

„Согласно Програмата за други комунални услуги , третман на кучината скитници и други нерегистрирани кучиња за 2019 година со бр. 09-3942/1 од 30.11.2018 година донесена од Советот на Општина Берово, и нејзините измени и дополнувања, планирани расходи за постапување со бездомните кучиња за 2019 година се во износ од 371.000,оо денари.

Дополнително, за секоја наредна годишна во Програмата за контрола на популацијата на бездомните кучиња на територијата на Општина Берово, поединечно ќе биде планиран расходот за оваа намена.

Активностите ќе се финансираат од средствата предвидени во Буџетот на Општина Берово.„

Член 3

Останатите делови од Планот за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Берово (2019-2021 година),со број 09-4255/1 од 27.12.2018 година остануваат непроменети.

Член 4

Овие Измени и Дополнување на Планот за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Берово (2019-2021 година) влегуваат во сила со денот на донесувањето и се составен дел од истиот ,и ќе се објават во „Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-515/1
12.02.2019 год.
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за
изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација
за Локалитет „Филтер станица" во Берово

Се објавува О Д Л У К А за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација за Локалитет „Филтер станица" во Берово Бр.09-516/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 12.02.2019 година.

Бр.08-529/13
12.02.2019 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 21, а во врска со член 46 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18) и Програмата за изработка на урбанистичка планска документација за 2019 година на подрачјето на Општина Берово бр. 09-3930/1 од 30.11.2018 година, а за потребите на Општина Берово, за изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација, за Локалитет „Филтер станица“ во Берово, за вклопување на легализирани објекти, надвор од планскот опфат на градот Берово, Советот на Општина Берово на седница одржана на 12.02.2019 година, донесува:

## О Д Л У К А

*за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација за Локалитет „Филтер станица“ во Берово*

Член 1

Со оваа одлука се прифаќа иницијативата за изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација, за Локалитет „Филтер станица“ во Берово, за вклопување на легализирани објекти, на КП 3959, 3922, 3955, 3901, 3913, 3996, 3997, 3978, 3979, 3980, 3982, 3984, 3985, 3986, 3983/1, 3983/2, 3983/3, 3983/4, 3983/5, 3981/1, 4009, 4015/2, 4015/1, 4016, 4022, 4021, 4025, 4026, 4020/1, 4020/2, 4020/3, 4019, 4016, 4017, 4018, 4029, 4030, 4033, 4041, 4039, 4037, 6944/2, 7059, 7058, 7051, 6968, 6966, 6967, 6973, 6965, 6964, 6961/2, 6962, 6960/2, КО Берово, што е надвор од планскиот опфат на градот Берово, и за подрачјето нема урбанистичко планска документација.

Член 2

Се задолжува одделението за урбанизам, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, да отпочне со постапка за изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација, за Локалитет „Филтер станица“ во Берово, за вклопување на легализирани објекти.

Член 3

Сите трошоците потребни за изработка на локална урбанистичка планска документација ќе ги финансира Општина Берово, од сретства предвидени во буџетот на општината, согласно програмата за изработка на Урбанистички планови за 2019 год, или со самофинансирање од заинтересирани физички и правни лица со склучен посебен договор за финансирање, помеѓу инвеститорот и Општина Берово, согласно член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Берово.

Бр. 09-516/1
12.02.2019 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.


P = 1:3000
TURSKI GROBI[TA
P=1:2500
6863/4
6865/2
6866
505
6876
6867
6877/4
6875
6874/2
6874/1
6877/3
6873
6874/3
6888/2
6871
6978
6872
6977
6979
6976
6980
6956/2
6959/2
6960/2
6963/2
6975/2
6975/1
6962
6974
6964
6961/2
6965
6973
6966
6967
6944/2
6972
6968
6969
6971
6970
7031
7059
7058
7057
7051
6941/2
6943/4
6940
6939/2
6937/2
7056
7060
7061
7062
7063
7064
6938/2
6921/2
6920
6916/2
6917/2
6918
6913/2
6919
7065/2
7067
7068

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А
За постапување на урбана опрема
на подрачјето на Општина Берово за 2019 година

Се објавува Годишна Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Берово за 2019 година Бр.09-517/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 12.02.2019 година.

Бр.08-529/14 ОПШТИНА БЕРОВО
12.02.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ"бр.5/02), а во врска со член 80-а од Законот за градење („Сл.весник на РМ" бр. 130/2009, ..... , 168/2018) и член 73 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово" бр.13/02 и 18/07), Советот на Општина Берово на седницата одржана на ден 12.02.2019 година донесе:

**Г О Д И ш Н А П Р О Г Р А М А**
ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА
НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА **2019** ГОДИНА

Програмата за поставување на урбаната опрема на подрачјето на ОпШтина Берово за 2019 година на уредено градежно земјиШте во државна сопственост, опфаЌа:

1. Локалитетите за поставување на урбаната опрема во ОпШтина Берово и начин на користење на земјиШте за поставување на истата;
2. Висина на надоместокот за користење на градежното уредено земјиШте за поставување на урбаната опрема, и начинот на плаЌање на истиот;
3. Времетраењето на користење и режимот на поставување на урбаната опрема (зимски и летен) во текот на календарската година;
4. Типот и формата на урбаната опрема која треба да биде поставена;
5. Преодни и заврШни одредби;

**1. ЛОКАЛИТЕТИТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНАТА ОПРЕМА ВО ОПшТИНА БЕРОВО И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИшТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНАТА ОПРЕМА:**

Локалитети во градот Берово:

1. ул. `МАРШАЛ ТИТО -на Градскиот плоштад - ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ;
2. ул. `23-ти АВГУСТ: АВТОБУСКА СТАНИЦА и ГРАДСКИ ПАЗАР;
3. ул. `ЗАДАРСКА и МоШа Пијаде - КЕЈ БРЕГАЛНИЦА (Просторот околу Колективната зграда према градскиот парк, како и Просторот помеЃу Објектот на Основен суд и Хотел Македонија);
4. ул. `ПАРТИЗАНСКА - СТАРА ГИМНАЗИЈА (и во кругот на СтаратаГимназија); и ул. `МАРШАЛ ТИТО - ПОЛИЦИЈА, и СТАНБЕНА ЗГРАДА;
5. ул. `БОРИС КИДРИЌ - Лок. ОГРАЖДЕН (кај Турски гробишта);
6. ТРОТОАРИ НА ГРАДСКИ УЛИЦИ - СО ШИРИНА ПОГОЛЕМА ОД 2,0 м;
7. ЈАВНИ ПОВРШИНИ ПРЕД ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИ (Трговски Дуќани и Колонијални продавници);
8. Јавни површини во склоп на урбанистичките парцели на Колективните станбени згради во Берово;
9. Локалитети во населените места во ОпШтина Берово
   ЦЕНТРИТЕ И УРЕДЕНИТЕ ЈАВНИ ПОВРШИНИ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА (СЕЛАТА) ВО ОПШТИНА БЕРОВО - 8 НАСЕЛЕНИ МЕСТА

Локациите на локалитетите за поставување на урбаната опрема, се прикажани со изводи од Деталниот Урбанистички план на Берово, кои се сосевен дел на оваа Програма.

До колку се јави потреба од поединечни локации за поставување на урбаната опрема истите Ќе се одредат со одлука за дополнување на програмата поставување на урбаната опрема на Советот на ОпШтината.

Поставување на урбаната опрема Ќе се врШи согласно постапка предвидена во член 80 од Законот за градење (`Сл. весник на РМ бр. 130/2009, ....., 168/2018).

## 2. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИшТЕ.

Висината на надоместокот за користење на просторот за поставување на урбаната опрема во ОпШтина Берово, се определува согласно местоположбата и согласно Одлуката за определување на зони во ОпШтина Берово, со бр. 09-508/1 од 18.02.2015 год, донесена од страна на Советот на ОпШтина Берово, и тоа за:
Зона 15, со нејзините подзони, (централно градско подрачје) надомест за користење од 5 денари/м$^2$, и;
Зона 16, со нејзините подзони, (вон централно градско подрачје) надомест за користење од 5 денари/м$^2$,
која Ќе биде определена со посебно РеШение за користење согласно Одлуката за комунални такси, донесена од страна на Советот на ОпШтина Берово. Надоместокот за уредување на градежното земјиШте за поставената урбана опрема, при евентуално поврзување со инфраструктурната мрежа, Ќе го определи ОпШтината, а во висина на остворените троШоци за приклучување на инфраструктурата (струја, вода и канализација) и Ќе биде на Товар на корисникот на урбаната опрема.

**3. ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА КОРИСТЕЊЕ И РЕЖИМОТ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНАТА ОПРЕМА ВО ТЕКОТ НА КАЛЕНДАРСКАТА ГОДИНА**

Времетраењето на користење на просторот за поставување на урбаната опрема е за период од една календарска година, и е определено со РеШението за поставување на урбана опрема, со можност за продолжување по истекот за наредната година. РеШението се издава по барање на странката - корисник на урбаната опрема, а врз основа на изготвен идеен проект (Елаборат за поставување на опрема) за начинот и времетраењето на користење, кое Ќе бидепотврдено со Договорот за наплата на надоместокот.

**4. ТИПОТ И ФОРМАТА НА УРБАНАТА ОПРЕМА КОЈА ТРЕБА ДА БИДЕ ПОСТАВЕНА**

Урбана опрема претставува опрема која се поставува на Уредено градежно земјиште. Под урбана опрема, се смета опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатскоконзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, опрема во функција на туристички, културни и спортски настани, опрема за спортскорекреативни активности, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, пливачки објекти, паркинзи во функција на објекти на органите на државна управа и на објекти на општините, рекламни и информативни паноа, детски игралишта, настрешници кои се поставуваат на јавна површина фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

**5. ПРЕОДНИ И ЗАВРшНИ ОДРЕДБИ**

5 .1. Типот и изгледот на урбаната опрема на локациите во Берово, по потреба Ќе биде дополнително определен во зависнос од интересот и потребите на учесниците во огласот, и од местоположбата на локалцијата.

5 .2. Урбаната опрема се поставува за времетраење од 1 година со можност по истекот, овој рок биде продолжен со ново реШение.

5. 3. Правото на користење на градежното земјиШте за урбаната опрема, може да биде одземено и објектот отстранет од локалитетот доколку објектот се користи за друга намена и се врШат дејности различни од предвидените, како и до колку корисникот редовно не го плаЌа надоместокот за користење за поставување на урбаната опрема.

5.4. Одземање правото на користење и отстранување на објектот Ќе се изврШи со реШенија за отстранување од страна на опШтината, а одделението за инспекциски надзор кој Ќе ги изврШи реШенијата.

5.5. МеЃусебните права и односи во однос на уредување на градежното земјиШте меЃу корисникот на земјиШтето и опШтината Ќе се регулира со посебен договор.

5.6. До колку корисникот на урбаната опрема, не го плати надоместокот за поставување на урбаната опрема, во рок од 15 дена од денот на издавањето на

РеШението за поставување, или од роковите во Договорот, го губи правото на користење на градежното земјиШте за поставување на урбаната опрема.

5.7. До колку дојде до промена на деталниот урбанистички план на локалитетите на кој е поставена урбаната опрема, корисниците се должни на свој троШок да ја тргнат урбаната опрема, во рок од 15 дена од доставување на реШението, без оглед на рокот за кој е поставена опремата.

5.8. Корисникот на урбаната опрема не може да го оттуЃи правото на времено користење на градежното земјиште, ниту да го дава објектот под закуп на други лица. Ако го оутѓи правото на користење на земјиштето или објектот го даде под закуп со решение ќе му биде одземено правото на поставување на урбаната опрема.

5.9. За бучни занаети, и занаети што ја загадуваат човековата околина во оваа програма не се предвидени локации за урбаната опрема затоа што согласно ДУП-от се предвидени посебни зони за такви објекти.

Оваа програма е едногодишна и влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на 0пштина Берово".

Бр. 09-517/1
12.02.2019 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

ОПШТИНА БЕРОВО

*Сектор за урбанизам, комунални работи, и заштита на животната средина*

Градоначалникот на Општина Берово, за утврдување на локации за **урбана опрема од комерцијална намена,** издава Извод од план за **Лок. „Градски Плоштад“,** во **Берово,** издава:

## ИЗВОД ОД ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

| | |
|---|---|
| НАСЛОВ НА ПЛАНОТ: | **ДУП на Берово,** одлука **бр. 08-496/1 од 02.04.1992 год, и Измена на ДУП,** усвоен со **Одл.бр. 07-2076/1 од 14.10.2010 год,** објавени во **Службен Гласник на Општина Берово.** |
| НАМЕНА: | Локации за поставување на урбана опрема од **КОМЕРЦИЈАЛНА НАМЕНА,** на ул. **„Маршал Тито“** и **„23-ти Август“**, Градски плоштад во Берово, **ЦЕНТРАЛНО** градско подрачје |

**Графички прилог:** **Д.Л.** бр. **7** Мерка: **1: 1000**



ОПШТИНА БЕРОВО

*Сектор за урбанизам, комунални работи, и заштита на животната средина*

Градоначалникот на Општина Берово, за утврдување на локации за **урбана опрема од комерцијална намена,** издава Извод од план за **Лок. „Автобуска станица“** и **„Градски пазар“,** во **Берово,** издава:

## ИЗВОД ОД ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

| | |
|---|---|
| НАСЛОВ НА ПЛАНОТ: | **ДУП на Берово,** одлука **бр. 08-496/1 од 02.04.1992 год,** објавен во **Службен Гласник на Општина Берово.** |
| НАМЕНА: | Локации за поставување на урбана опрема од **КОМЕРЦИЈАЛНА НАМЕНА ,** на ул. **„23-ти Август“, ЦЕНТРАЛНО** градско подрачје |

**Графички прилог:** **Д.Л.** бр. **7** Мерка: **1: 1000**



ОПШТИНА БЕРОВО

*Сектор за урбанизам, комунални работи, и заштита на животната средина*

Градоначалникот на Општина Берово, за утврдување на локации за **урбана опрема од комерцијална намена,** издава Извод од план за **Лок. „Кеј Брегалница“**, во **Берово,** издава:

## ИЗВОД ОД ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

НАСЛОВ НА ПЛАНОТ: **Измена на ДУП на Берово,** усфоен со **Одлука бр. 07-2511/1 од 15.11.2011** год, и **Измена на ДУП на Берово,** усфоен со **Одлука бр. 08-268/1 од 29.01.2014** год, објавени во **Службен Гласник на Општина Берово.**

НАМЕНА: Локации за поставување на урбана опрема од **КОМЕРЦИЈАЛНА НАМЕНА** на ул.**„моша Пијаде“** и **„Димитрие Туцовиќ“**, **ЦЕНТРАЛНО** градско подрачје.

**Графички прилог:** **Д.Л.** бр. **7** Мерка: **1: 1000**



**ОПШТИНА БЕРОВО**

*Сектор за урбанизам, комунални работи, и заштита на животната средина*

Градоначалникот на Општина Берово, за утврдување на локации за **урбана опрема од комерцијална намена,** издава Извод од план за **Лок.„Стара Гимназија“, во Берово,** издава:

## ИЗВОД ОД ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

НАСЛОВ НА ПЛАНОТ: **ДУП на Берово,** одлука **бр. 08-496/1 од 02.04.1992 год,** објавен во **Службен Гласник на Општина Берово.**

НАМЕНА: Локации за поставување на урбана опрема од **КОМЕРЦИЈАЛНА НАМЕНА** на ул.**„Маршал Тито“, Локалитет „Стара Гимназија“, ВОН ЦЕНТРАЛНО** градско подрачје

**Графички дел:** **Д.Л.** бр. 4, Мерка: **1: 1000**



ОПШТИНА БЕРОВО

*Сектор за урбанизам, комунални работи, и заштита на животната средина*

Градоначалникот на Општина Берово, за утврдување на локации за **урбана опрема од комерцијална намена,** издава Извод од план за **Лок. „Огражден“**, во **Берово,** издава:

## ИЗВОД ОД ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

НАСЛОВ НА ПЛАНОТ: **ДУП на Берово,** одлука **бр. 08-496/1 од 02.04.1992 год,** објавен во **Службен Гласник на Општина Берово.**

НАМЕНА: Локации за поставување на урбана опрема од **КОМЕРЦИЈАЛНА НАМЕНА,** на ул. **„Борис Кидриќ“**, ВОН **ЦЕНТРАЛНО** градско подрачје

**Графички прилог:** **Д.Л.** бр. **5** Мерка: **1: 1000**



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
П Л А Н
за работа на Комисијата за еднакви можности
на жените и мажите за 2019 година

Се објавува П Л А Н за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2019 година Бр.09-518/1, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 12.02.2019 година.

Бр.08-529/15 ОПШТИНА БЕРОВО
12.02.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

**ПЛАН**
**за работа на Комисијата за еднакви можности**
**на жените и мажите за 2019 година**

Согласно законот за еднакви можности меѓу мажите и жените, како постојано работно тело на Советот на Општина Берово функционира Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, (во понатомошниот текст КЕМ).
Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е формирана со цел да го промовира родовиот концепт на локално ниво и да го имплементира Законот за еднакви можности на жените и мажите.

**Општа цел**

- Превенција од насилство, насилство врз жените и мажите и семејно насилство, (превенција и заштита од родово и полово базирано насилство);
- Промоција и вклучување на Општина Берово во родово одговорно буџетирање;
- Влијание во намалување на насилството кај децата и младата популација (разрешување на конфликти и превенција од насилство меѓу децата врз етничка, верска, полова и друга основа);
- Воспоставување на поголема соработка на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (КЕМ) со невладиниот сектор (НВО);
- Промоција на концептот за потикнување на еднаквите можности на жените и мажите и другите членови на заедницата за учеството во јавниот и политичкиот живот како значаен аспект за развој на граѓанско општество;

**Посебни цели**

- Активности насочени против родово базирано насилство и насилство врз жените вклучувајки го и семејното насилство и секаков вид на насилство;
- Активности насочени кон лобирање и подигнување на свеста на релевантните субјекти на локално ниво за значењето на родовите политики и вклучување на родовиот концепт во процесот на креирање на буџетот, локалните политики, програми и проекти во Општината;

- Превенција и намалување на конфликтите помеѓу децата поттикнатти од етнички, верски традиционални и други разлики и почитување на истите;
- Јакнење на соработката меѓу Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Берово со НВО;
- Еднакви можности на сите членови на заедницата за вклучување во јавниот, политичкиот и социјалниот живот (градење на Граѓански активизам);

**Задачи**

Вклучување на родовата перспектива во процесот на проценување на импликации за жените и мажите на секоја планирана акција, вклучувајќи ја законската легислативата, политиките и програмите, во секоја област и на сите нивоа.
Припадниците на двата пола да стануваат интегрален дел од дизајнот, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на политиките и програмите на сите политички, образовни, економски и социјални сфери на локално ниво.
Комисијата за еднакви можности во својот план за работа во 2019 година, како приоритет го дава учеството во проектот„Со локална стратегија и локални акциони планови, до еднакви можности за жените и мажите во општините Делчево, Берово и Пехчево“ финансиски поддржан од Фондацијата The Kvinna till Kvinna, имплементиран од НВО„КХАМ“ Делчево.
Во првото тромесечје од годината КЕМ ќе посети работилница „Креирање на родово одговорни политики на локално ниво“, како учество на дводневен семинар за креирање на локалната стратегија, кој ќе придонесе во креирањето на идните правци на делување на комисијата.

**сфери на делување**

1. Спречување на сите форми на насилство врз жените и други форми на насилство, семејно насилство,
2. Воведување на Општината во родово буџетски иницијативи преку иницијативи и предлози од страна на КЕМ;
3. Еднакви можности и антидискриминација во сите области (врз родова, етнилка, културна, традиционална, религиозна и друга основа);
4. Вклучување на граѓаните преку своите преставници во креирање на политики на локално ниво (Граѓански активизам);
5. Родови аспекти во политиките за поддршка на земјоделството и руралниот развој.

**Форми и облици за реализација на активностите**

- Работилници
- Лобирање и креативни притисоци
- Организирање дебати за определени прашања
- Семинари
- Организирање обуки по определени прашања
- Формирање на коалиции на НВО за организирано дејствување
- Информирање на граѓаните
- Медиумска афирмација

Изработил:
Координатор за еднакви можности на мажите и жените
Марина Предарска

Бр.09-518/1
12.02.2019 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање
на активности на здруженија на граѓани и фондациии од Буџетот на
Општина Берово за 2019 година

Се објавува О Д Л У К А за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на активности на здруженија на граѓани и фондациии од Буџетот на Општина Берово за 2019 година Бр.09-519/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 12.02.2019 година.

Бр.08-529/16 ОПШТИНА БЕРОВО
12.02.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 49 став 1, 2 и 3 од Законот за здруженија и фондации ("Службен весник на Република Македонија" бр.52/2010 и 135/2011), член 36 од Законот за локална самоуправа и член 19 од Статутот на Општина Берово (Сл.гласник на Општина Берово бр.13/02,18/07,30/08 и 20/10), а во согласност со усвоената Програма за поддршка на локалниот економски развој на Општина Берово за 2019 година со Бр.09-4261/1 од 27.12.2018 година и член 21 став 1 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2019 година Бр.09-4287/1 од 27.12.2018 година (“Службен Гласник на Општина Берово” Бр.15/2018), Советот на Општина Берово на 17-тата седница одржана на 12.02.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на активности на здруженија на граѓани и фондациии од Буџетот на Општина Берово за 2019 година**

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Општина Берово.

Член 2

Распределбата на сретствата од член 1 на оваа одлука на корисниците се врши преку грантови за програми (проекти) во приоритетни цели утврдени со оваа одлука за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации.

Член 3

Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата на граѓани и фондации корисници на средства од Буџетот на Општина Берово се:

1. Да се регистрирани според Законот за здруженија на граѓани и фондации;
2. Да спроведуваат активности од минимум една година;

3. Да се занимаваат со активности и проекти од јавен интерес;

4. Да не добиле средства или поднеле пријава од/до друг орган на државната управа или други извори за иста намена и активности за кои поднесуваат пријава, а што би значело двојно финансирање на истите активности од различни извори.

5. Корисниците да дејствуваат на територијата на Општина Берово;

6. Остварување на програмите и дејствувањето да се во рамките на Уставот и Законите на РМ;

7. Предлог проектите да кореспондираат со Стратешките – развојни документи на Општина Берово.

8. Предлог проектите да се од суштинско значење за подигнување на квалитетот на живеењето на граѓаните во локалната заедница во соодветните области.

9. Апликантите да прикажат сопствено учество или кофинансирање од други извори во износот од најмалку 10 % од вкупниот износ на буџетот на самиот проект.

Член 4

Проценка на квалитетот на проектите на здруженија на граѓани и фондации кои ги исполнуваат критериумите од член 3 и на оваа одлука, се врши врз основа на следните посебни критериуми:

| **Области** | **Максимум бодови** |
|---|---|
| **1. Организациска структура и ресурси** | **30** |
| 1.1.Дали здружението на граѓани и фондација има потребна организациска структура и човечки ресурси за спроведување на проектот (вработени, активни волонтери, хонорарно ангажирани лица) | 10 |
| 1.2. Дали имаат сопствено учество или кофинансирање од други извори и дали здружението на граѓани и фондација располага со канцелариски простор и техничка опрема за спроведување на проектот | 10 |
| 1.3.Дали Предлог проектите кореспондираат со Стратешките – развојни документи на Општина Берово | 10 |
| **2.Мрежно работење и соработка** | **10** |
| 2.1.Дали здружението на граѓани и фондација во последните 3 години реализирале проекти во соработка со други граѓански организации или органи на државната управа | 10 |
| **3.Квалитет на проектот** | **60** |
| 3.1.Колку општата цел на проектот ќе придонесе кон реализацијата на дадената приоритетна цел | 10 |
| 3.2.Дали целта на проектот е јасно определена | 10 |
| 3.3.Дали целната група е соодветно определена | 10 |
| 3.4.Дали спроведувањето на активностите доведуваат до остварување на предвидените резултати во проектот | 10 |
| 3.5.Дали планот за спроведување е јасен и остварлив | 10 |
| 3.6.Дали предложениот финансиски план е реален (описот на трошоци по категории и позиции соодветствува на пазарните цени) | 10 |

Секоја област од посебните програмски критериуми од ставот 1 на овој член се вреднува од 1,5 или 10 бодови, со следното значење: 1-не; 5- делумно и 10-да.

Член 5

Распределбата на средствата на член 1 на оваа одлука се спроведува врз основа на оглас, а се објавува на официјалната веб страница на Општина Берово.

Распределбата на средствата се спроведува согласно добрата практика за обезбедување на финансиска поддршка утврдена во Кодексот на добри практики за финансиска подршка на здруженија на граѓани и фондации („Службен весник на Република Македонија " бр.130/07), а огласот трае најмалку 15 дена од денот на објавување.

Член 6

Здруженијата на граѓани и фондации кои се пријавуваат на огласот треба да достават:

1. Пријава за финансиска поддршка;
2. Предлог-проект;
3. Статут и решение за регистрација на здружението на граѓани или фондацијата;
4. Извештај за добиените средства од Буџетот на Општина Берово во изминатата фискална година и за начинот на нивната реализација(доколку сте користеле грант од претходната година)
5. Годишен извештај и завршна сметка на здружението на граѓани или фондацијата за претходната година;

Здруженијата на граѓани и фондации не можат да поднесат повеќе од една пријава за финансиска поддршка по огласот.

Член 7

Доделените средства се користат исклучиво за намената за која се доделени и на начин определен во Предлог-проектот.

Во рок од 30 дена по завршувањето на своите програмски активности, а најдоцна 31 јануари наредната година, здруженијата на граѓани и фондации доставуваат извештај за користењето на средствата до Општина Берово.

Член 8

Рангирањето и евалуацијата ќе ја извршат членовите на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој од Советот на Општина Берово,а со техничка и админстративна поддршка од одделениието за Локалкен економски развој.

Член 9

Административно-техничките работи за распределба на средствата ги врши Одделение за финансиски работи и Одделение за локален развој на Општина Берово.

Член 10

Ова Одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово".

Бр. 09-519/1
12.02.2019 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

Измена и дополнување на
Одлуката за извршување на Буџет на Општина Берово за 2019 година

Се објавува Измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџет на Општина Берово за 2019 година Бр.09-520/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 12.02.2019 година.

Бр.08-529/17
12.02.2019 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002) , член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09,47/11, 192/15 и 209/2018), член 31 од Законот за буџетите ( Службен весник на РМ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16), член 93 став 2 од Законот за административни службеници ( Службен весник на Република Македонија број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18) и член 90 од Статутот на Општина Берово (Сл.гласник на Општина Берово бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), а во врска со Известувањето на Министерството за финансии на Република Македонија Бр.08-8780/14-2018 од 22.01.2019 година, Советот на Општина Берово на 17 –тата седница одржана на 12.02.2019 година донесе:

**И З М Е Н А И Д О П О Л Н У В А Њ Е Н А**
**О Д Л У К А Т А**
**З А И З В Р Ш У В А Њ Е Н А Б У Џ Е Т О Т Н А О П Ш Т И Н А**
**Б Е Р О В О З А 2 0 1 9 Г О Д И Н А**

Член 1

Се прават измени и дополнувања на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2019 година, Бр.09-4287/1 од 27.12.2018 година.

Член 2

Во член 7 после зборовите “Буџетот на самофинансирачки активности”, се додаваат зборовите “Буџет на заеми”.

Член 3

Во член 9 став 1 алинеа 1 после зборовите “применет на”, текстот се заменува со зборовите “основица која изнесува 26.755,00 денари”.

Член 4

Во член 11 став 1 алинеа 1 зборот “наменската” се брише.

Во член 11 став 1 алинеа 2 и алинеа 3 зборовите “од општинскиот Буџет” се бришаат.

Во член 11 став 2 зборовите “од општинскиот Буџет” се заменуваат со зборовите “со блок дотации”.

Член 5

Овие Измени и дополнувања на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2019 година се составен дел на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2019 година Бр.09-4287/1 од 27.12.2018 година, и влегуваат во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр. 09-520/1
12.02.2019 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за избор на член од Советот на Општина Берово кој одлучува во случај
на конфликт на интереси на Градоначалникот

Се објавува О Д Л У К А за избор на член од Советот на Општина Берово кој одлучува во случај на конфликт на интереси на Градоначалникот Бр.09-521/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 12.02.2019 година.

Бр.08-529/18
12.02.2019 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 53 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Советот на Општина Берово донесе:

О Д Л У К А
за избор на член од Советот на Општина Берово кој одлучува во случај
на конфликт на интереси на Градоначалникот

Член 1

За член од Советот на Општина Берово кој ќе одлучува во случаите од член 53 став 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), односно кога се одлучува за прашања во кои Градоначалникот или неговиот брачен другар, деца или роднини до втор степен странична линија имаат финансиски или друг личен интерес се назначува Предраг Монев.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Берово”.

Бр.09-521/1 Совет на Општина Берово
12.02.2019 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Полугодишен Извештај за работа на
ООУ “Никола Петров Русински” с.Русиново, Берово
во учебната 2018/2019 година

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Полугодишен Извештај за работа на ООУ “Никола Петров Русински” с.Русиново, Берово во учебната 2018/2019 година Бр.09-522/1, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 12.02.2019 година.

Бр.08-529/19 ОПШТИНА БЕРОВО
12.02.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 76 став 1 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Советот на Општина Берово на седницата одржана на 12.02.2019 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Полугодишен Извештај за работа на
ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово
во учебната 2018/2019 година

1. Советот на Општина Берово го усвои Полугодишниот Извештај за работа на ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово во учебната 2018/2019 година, Бр.01-13/1 од 28.01.2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-522/1 Совет на Општина Берово
12.02.2019 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишен Извештај за работа на
ОЈУСЗСЛ "Д-р.Иван Влашки" Берово

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишен Извештај за работа на ОЈУСЗСЛ "Д-р.Иван Влашки" Берово Бр.09-523/1, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 12.02.2019 година.

Бр.08-529/20 ОПШТИНА БЕРОВО
12.02.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 76 став 1 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Советот на Општина Берово на седницата одржана на 12.02.2019 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишен Извештај за работа на
ОЈУСЗСЛ “Д-р.Иван Влашки” Берово

1. Советот на Општина Берово го усвои Годишниот Извештај за работа на ОЈУСЗСЛ “Д-р.Иван Влашки” Берово за 2018 година, Бр.0202/01-151/5 од 13.12.2018 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-523/1    Совет на Општина Берово
12.02.2019 година    Претседател
Б е р о в о    Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за давање на согласност на Измени и дополнување
на Годишен План за вработување на
Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица
“Д-р Иван Влашки” Берово за 2019 година,

Се објавува О Д Л У К А за давање на согласност на Измени и дополнување на Годишен План за вработување на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица “Д-р Иван Влашки” Берово за 2019 година, Бр.09-524/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 12.02.2019 година.

Бр.08-529/21    ОПШТИНА БЕРОВО
12.02.2019 год.    Градоначалник
Б е р о в о    Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) а во врска со член 20-б став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на Република Македонија” бр.27/2014…..198/18), Советот на Општина Берово на седницата одржана на ден 12.02.2019 година донесе:

О Д Л У К А
за давање на согласност на Измени и дополнување
на Годишен План за вработување на
Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица
“Д-р Иван Влашки” Берово за 2019 година,
Бр.0403-28/1 од 24.01.2019 година

Член 1
Се дава согласност на Измени и дополнување на Годишен План за вработување на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица “Д-р Иван Влашки” Берово за 2019 година, Бр.0403-28/1 од 24.01.2019 година

Член 2
Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-524/1 Совет на Општина Берово
12.02.2019 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишен Извештај за работа на
Дом на култура “Димитар Беровски” Берово за 2018 година

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишен Извештај за работа на Дом на култура “Димитар Беровски” Берово за 2018 година, Бр.09-525/1, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 12.02.2019 година.

Бр.08-529/22 ОПШТИНА БЕРОВО
12.02.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 19 став 2 точка 29 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Советот на Општина Берово на седницата одржана на 12.02.2019 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишен Извештај за работа на
Дом на култура “Димитар Беровски” Берово за 2018 година

1. Советот на Општина Берово го усвои Годишниот Извештај за работа на Дом на култура “Димитар Беровски” Берово за 2018 година, Бр.03-09/2 од 24.01.2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-525/1 Совет на Општина Берово
12.02.2019 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за давање на согласност на
надополнување на Годишен План за вработување на
Дом на културата “Димитар Беровски” Берово

Се објавува О Д Л У К А за давање на согласност на надополнување на Годишен План за вработување на Дом на културата “Димитар Беровски” Берово, Бр.09-526/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 12.02.2019 година.

Бр.08-529/23 ОПШТИНА БЕРОВО
12.02.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) а во врска со член 20-б став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на Република Македонија” бр.27/2014…..198/18), Советот на Општина Берово на седницата одржана на ден 12.02.2019 година донесе:

О Д Л У К А
за давање на согласност на
надополнување на Годишен План за вработување на
Дом на културата “Димитар Беровски” Берово

Член 1

Се дава согласност на Надополнување на Годишен План за вработување на Дом на културата “Димитар Беровски” Берово, Бр.01—10/1 од 24.01.2019 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-526/1 Совет на Општина Берово
12.02.2019 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарскис.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишната Програма за работа на
Дом на култура “Димитар Беровски” Берово за 2019 година

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишната Програма за работа на Дом на култура “Димитар Беровски” Берово за 2019 година, Бр.09-527/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 12.02.2019 година.

Бр.08-529/24 ОПШТИНА БЕРОВО
12.02.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 19 став 2 точка 29 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Советот на Општина Берово на седницата одржана на 12.02.2019 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишната Програма за работа на
Дом на култура “Димитар Беровски” Берово за 2019 година

1. Советот на Општина Берово ја усвои Годишната Програма за работа на Дом на култура “Димитар Беровски” Берово за 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-527/1 Совет на Општина Берово
12.02.2019 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
Р Е Ш Е Н И Е
за доделување на средства од
Буџетот на Општина Берово за 2019 година

Се објавува Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2019 година, Бр.09-304/2, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 12.02.2019 година.

Бр.08-529/25 ОПШТИНА БЕРОВО
12.02.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на Република Македонија" бр.5/2002), и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово ("Службен гласник на Општина Берово" бр.13/2002, 18/2007, 30/2008 и 20/2010), член 4 од Правилникот за критериумите, постапката и реализацијата на трансфери по поднесени барања за еднократна парична помош на физички лица ("Службен гласник на Општина Берово" бр. 29/2016) Советот на Општина Берово на седницата одржана на ден 12.02.2019 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за доделување на средства од

Буџетот на Општина Берово за 2019 година

1. На Мара Пуреовска од с. Будинарци - Берово со ЕМБГxxxxxxxxxxxxxxx, со адреса на живеење во с. Будинарци - Берово и се доделуваат 15.000,оо денари како еднократна парична помош.

2. Средствата за таа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово за 2019 година, програма А0, потставка 412110 – постојана резерва (непредвидливи расходи).

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања на Општина Берово да го спроведе ова Решение на трансакциска сметка бр.xxxxxxxxxxxxxxxxx на Комерцијална Банка.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-304/2 Совет на Општина Берово

12.02.2019 година Претседател

Берово Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на Република Македонија" бр.5/2002), член 61 став 1 алинеја 4 од Статутот на Општина Берово ("Службен Гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10) и член 17 став 3 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2019 година ("Службен Гласник на Општина Берово" Бр.15/2018 од 27.12.2018 година), а врз основа на Потврда од ПЗУ Д-р. Пачемски Берово за првородено дете во 2019 година на територијата на општина Берово, Градоначалникот на општина Берово донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

1. На Јулија Новоселска од Берово со ЕМБГ xxxxxxxxxxxxx, како мајка на првородено дете во општина Берово во новата 2019 година, како подарок од Општина Берово и се додоелуваат парични средства во висина од 6.000,00 денари.

2. Средствата за таа намена ќе бидат исплатени од Програмата Д0 Стафка 413 110 тековни резерви – разновидни расходи.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања на Општина Берово да го спроведе ова Решение на трансакциска сметка на Јулија Новоселска Бр.xxxxxxxxxxxxxxxx.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Берово.

Бр.08-69/1 ОПШТИНА БЕРОВО
08.01.2018 година Градоначалник
Берово Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоупава ( Сл.весник на РМ бр.5/02 ), а во врска со член 31 став 2 од Законот за финансирање на единиците за локална самоуправа ( Сл. Весник бр.61/04.........209/2018) и согласно член 17 став 3 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2019 година, бр. 09-4287/1 од 27.12.2018 година (“Службен Гласник на Општина Берово” бр.15/2018 од 27.12.2018 година), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од

Буџетот на Општина Берово за 2019 година

1. На христијанскиот празник „ Водици – Богојавление “, на лицето што ќе го фати чесниот крст се одобрува парична награда во износ од 6.000,00 денари.

2. Средствата за таа намена ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Берово за 2019 година, Д0 Градоначалник, подставка 413 110 тековни резерви (разновидни расходи).

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања на Општина Берово да го спроведе ова Решение по доставување на потврда од Црковниот одбор, копија од лична карта и копија од трансакциска сметка на лицето за трансверирање на средствата.

4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово “.

Бр.08-187/1 ОПШТИНА БЕРОВО

16.01.2019 година Градоначалник

Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

ИЗДАВА:
ОПШТИНА БЕРОВО